Република Северна Македонија

**Министерство за труд
и социјална политика**

**Архивски број: 10-6749/2**
**Датум: 30-11-2021 година**

**До:** **Здружение на граѓани "Куќа на среќата" - Скопје**
**Ул. Душко Поповиќ 33/2 Бутел,Скопје**

**Предмет: Одговор на предлог иницијатива на Здружение на граѓани "Куќа на среќата" - Скопје**

Со допис бр. 39-10327/1 од 14.10.2021 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Сектор за анализа на политиките и координација – Одделение за соработка со НВО, од Министерството за труд и социјална политика побара да се произнесе за релевантноста и прифатливоста на Вашата Предлог иницијатива со наслов „Сончокледи кон сонцето за видлива и невидлива попреченост" доставена на објавен јавен повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвување на Програмата за работа на Владата за 2022 година.

Имајќи во предвид дека на Предлог иницијативата стратешки приоритет е да се подигне свеста за лицата со посебни потреби, како на оние со видлива така и оние со невидлива попреченост, лицата со попреченост да добијат идентификациона картичка, бесплатни услуги и поволности, а со тоа да се создаде регистар на сите попречености, без разлика на нивната видливост или невидливост, Министерството за труд и социјална политика Ве известува за следното:

Системот на социјална заштита во Република Северна Македонија, континуирано се унапредува преку спроведување на низа реформски процеси во социјалната заштита и социјалното вклучување на ранливите групи, со воведување на нови принципи и методи на работа за развивање и унапредување на социјални услуги, имајќи ги во предвид општествениот контекст, социјалните проблеми и социјалните ризици на кои се изложени граѓаните. Реформските процеси се спроведуваат со вклучување на сите засегнати страни во насока на обезбедувањето и развојот на социјалните услуги согласно принципите на деинституционализација, децентрализација и плурализација. Во унапредувањето и развојот на социјалната заштита од големо значење е партиципативното учество на сите чинители кои можат да дадат придонес во подобрување на состојбата на граѓаните изложени на социјален ризик поради што, Министерството за труд ги поддржува сите релевантни органи и институции, како и граѓански здруженија и социјални партнери кои третираат прашања од областа на социјалната заштита, а

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

особено прашања од областа на заштита на правата и интересите на лицата со попреченост.

Со оглед дека Вашата Предлог иницијатива во делот кој се однесува на давање на идентификациони картички на лицата со посебни потреби, кои ќе имаат за цел препознавање на лицата со посебни потреби, разбирање на нивните потреби, без разлика на нивната видливост или невидливост, Министерство за труд и социјална политика смета дека оваа активност е во насока на сензибилизирање на општата јавност и прифаќање на овие лица во заедницата.

Во делот на иницијативата за создавањето на регистар на сите попречености, укажуваме дека со Законот за национална база на податоци за лица со инвалидност („ Службен весник на РМ" бр.143/15) е предвидено воспоставување на Национална база на податоци за лица со инвалидност, во рамките на интегрираниот здравствен информатички систем. Функција на Базата претставува дел од интегрираниот здравствен информатички систем која овозможува обработка и давање на користење податоци меѓу надлежните органи, со цел воспоставување на единствена евиденција на податоците и остварување на правата по основ на инвалидност согласно со закон. За реализација на оваа активност, Министерството за труд и социјална политика реализира SIAP Проект, во рамки на кој е планирана активност за развој на национален регистар на лица со попреченост, за чија реализација ќе се распише повик за дизајн на националниот регистар, ќе се изготви техничка спецификација за развој на софверско решение за централно тело за утврдување на попреченост, во чии рамки е предвидено да се имплементира посебен модул за креирање на националниот регистар, согласно претходно усвоени измени на законската регулатива.

Со воспоставување на национален регистар на лица со попреченост, ќе се овозможи полесна и поефикасна инклузија, зголемување на вработливоста преку вклучување во процесот на професионална рехабилитација и олесенет пристап до права и услуги на лицата со попреченост.

Со почит,

Министер
Јагода Шахпаска

Изработил: Д. Аслани
Одобрил: С. Спасовска